Бр./Nr 12-9695/2
05-04-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 84-та седница одржана на 31.03.2023 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-9695/1 од 26.12.2022 година, за лицето ....... директор на .........., **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што од наводите во пријавата ДКСК не констатирало повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-9695/1 од 26.12.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на непознат подносител, на ден 26.12.2022 година, поднесена е пријава за лицето ........ директор на .......... и оформен е предмет број 12-9695/1 од 26.12.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека директорот на .......... .......... од позиција на Директор е директно претпоставен на неговата сопруга ......... која во моментот е на работна позиција .......... во ............ Вработена била од .......... година, без јавен оглас за вработување и наводно со несоодветно образование.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека се работи за вработување од ....... година при што во Законот за спречување корупција и судир на интереси не се уредени ограничувања или забрани при именување на лица во јавни институции во кои претходно се вработени нивни блиски лица.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.О
Одобрил: В.Г, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT